РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (РКЕ) донесе Одлука со која се врши **зголемување** на малопродажните цени на нафтените деривати во **просек за 4,55%** во однос на одлуката од 20.7.2026 година.

**Референтните цени на нафтените деривати на светскиот пазар во споредба со претходната пресметка бележат зголемување и тоа во просек: кај бензините за 6,229%, кај дизелот за 7,442%, кај екстра лесното масло за 8,051% и кај мазутот зголемувањето е за 8,159%.**

**Курсот на денарот во однос на доларот** во изминатиот период по кој беа формирани цените со претходната пресметка **е понизок за 0,0397%.**

**Од 28.7.2026 година од 00:01 часот максималните цени на нафтените деривати ќе изнесуваат:**

| | | |
|---|---|---|
| **Моторен бензин** | **ЕУРОСУПЕР БС - 95** | **93,00 (денари/литар)** |
| **Моторен бензин** | **ЕУРОСУПЕР БС - 98** | **95,00 (денари/литар)** |
| **Дизел гориво** | **ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)** | **98,50 (денари/литар)** |
| **Масло за горење** | **Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)** | **98,00 (денари/литар)** |
| **Мазут М-1 НС** | | **48,099 (денари/килограм)** |

Малопродажните цени на бензините **ЕУРОСУПЕР БС-95 и ЕУРОСУПЕР БС-98 се зголемуваат за 3,00 ден/лит.**

Малопродажната цена на **ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) се зголемува за 4,50 ден/лит.**

Малопродажната цена на **Екстра лесното масло за домаќинство (ЕЛ-1) се зголемува за 5,00 ден/лит.**

Малопродажната цена на **Мазутот М-1 НС се зголемува за 2,726 ден/кг. и сега ќе изнесува 48,099 ден/кг.**

Напоменуваме дека ова се максималните цени на нафтените деривати од 00:01 часот на 28.7.2026 година. Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките утврдени цени.

27.7.2026

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

Rr. Maqedonia nr. 25, pallati Llazar Pop-Trajkov – kati i 6 • 1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
Qendra 02 3233-580 • Faks: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk